| | |
|---|---|
| Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје на тринаесетата одржана на ден 2.9.2019 година, согласно член 18 и член 21-б ст.7 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 148/15, 30/16 и 64/18), донесе | Bordi Drejtues i IP Qendra e Arsimit të të Rriturve – Shkup në mbledhjen e trembëdhjetë të mbajtur më 2.9.2019, në pajtim me nenin 18 dhe nenin 21-b, paragrafi (7) të Ligjit të Arsimit të të Rriturve (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 7/ 08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 148/15, 30/16 dhe 64/18), miratoi |
| | |
| **ПРАВИЛНИК** | **RREGULLORE** |
| за начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните | për mënyrën e verifikimit të programeve të veçanta për arsimin e të rriturve |
| **Член 1** | **Neni 1** |
| Со овој правилник се пропишува начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните. | Kjo rregullore përcakton mënyrën e verifikimit të programeve të veçanta për arsimin e të rriturve. |
| **Член 2** | **Neni 2** |
| Установата или институцијата за образование на возрасни која сака да врши образование на возрасни за занимања, потребно е да достави барање за верифицирање на посебната програма. | Institucioni për arsimin e të rriturve që dëshiron të ofrojë arsim të të rriturve për profesione, e ka të nevojshme të dorëzojë kërkesë për verifikimin e programit të veçantë. |
| За верифицирање на посебни програми, установата или институцијата за образование на возрасни до ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје (во натамошниот текст: Центарот) потребно е да достави: | Për verifikimin e programeve të veçanta, institucioni për arsimin e të rriturve duhet të dorëzojë tek IP Qendra e Arsimit të të Rriturve - Shkup (në tekstin e mëtejmë: Qendra): |
| - барање за верификација на посебна програма пропишано со (образец 1), | - kërkesë për verifikimin e një programi të veçantë të përcaktuar me (formulari 1), |
| - документ за регистрирана дејност – образование на возрасни, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија, | - dokumenti për veprimtarinë e regjistruar - arsimimi i të rriturve, i lëshuar nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut, |
| - посебната програма во три копии, изработена согласно член 19 од Законот за образование на возрасните, (образец 2), | - program të veçantë në tri kopje, të përgatitur në pajtim me nenin 19 të Ligjit të Arsimit të të Rriturve (formulari 2), |
| - уплатница за извршена уплата на надомест за верификација на посебната програма (образец 3) на сметка на Центарот, согласно Ценовникот за верификација на посебните програми за образование на возрасните, кој е утврден од Управниот одбор на Центарот. | - fletëpagesë për pagesën kryer të tarifës për verifikimin e programit të veçantë (formulari 3) në llogarinë e Qendrës, në pajtim me çmimet për verifikimin e programeve të veçanta për arsimin e të rriturve, të përcaktuar nga Bordi Drejtues i Qendrës. |
| - барање за измена на верификувана посебна програма (образец 4). | - kërkesë për modifikim të programit të veçantë të verifikuar (formulari 4). |
| - уплатница за измена на верификувана посебна програма (образец 5) | - fletëpagesë për modifikimin e programit të veçantë të verifikuar (formulari 5) |
| **Член 3** | **Neni 3** |
| Посебната програма за образование на | Programi i veçantë i arsimit të të rriturve, për të |

| | |
|---|---|
| возрасните за која е поднесено барање за верификација може да води кон стекнување на квалификација или дел од квалификација. | cilin kërkohet verifikimi mund të çojë në fitimin e kualifikimit ose të një pjese të kualifikimit. |
| Посебната програма од став 1 на овој член треба да биде во согласност со изготвен стандард. | Programi i veçantë, sipas paragrafit (1) të këtij neni, duhet të jetë në përputhje me standardin e përgatitur. |
| **Член 4** | **Neni 4** |
| Посебната програма за образование на возрасните за која е поднесено барање за верификација може да води кон стекнување на знаења, вештини и компетенции насочени кон оспособување на возрасните за работа и за различни социјални активности. | Programi i veçantë i arsimit të të rriturve, për të cilin është paraqitur kërkesa për verifikim mund të çojë në përvetësimin e njohurive, aftësive dhe kompetencave që synojnë aftësimin e të rriturve për të punuar dhe për aktivitete të ndryshme shoqërore. |
| Посебната програма од став 1 на овој член треба да биде во согласност со следниве критериуми: | Programi i veçantë, sipas paragrafit 1 të këtij neni, duhet të jetë në përputhje me kriteret e mëposhtme: |
| - да води до резултати кои ќе бидат во функција на оспососбување на возрасните за работа и за различни социјални активности; | - të çojë në rezultate që do të shërbejnë për trajnimin e të rriturve për punë dhe për aktivitete të ndryshme shoqërore; |
| - учесниците да се стекнат со сертификат кој се добива по успешно завршување на процесот на евалуација на знаењата, вештините и компетенциите на учесникот во програмата; | - që pjesëmarrësit të pajisen me një certifikatë që fitohet pas përfundimit me sukses të procesit të vlerësimit të njohurive, aftësive dhe kompetencave të pjesëmarrësit në program; |
| - за програмите за описменување, странски јазици и информациско-комуникациски технологии да бидат користени меѓународни референци и | - për programet e shkrim-leximit, gjuhëve të huaja dhe teknologjive të informacionit dhe komunikimit, duhet të përdoren referenca ndërkombëtare dhe |
| - други критериуми поврзни со специфичноста на доставената програма, определени од страна на Центарот. | - kritere të tjera që lidhen me specifikën e programit të paraqitur, të përcaktuara nga Qendra. |
| **Член 5** | **Neni 5** |
| Посебните програми за образование на возрасни не може да се верификуваат доколку стекнувањето со квалификацијата или дел од квалификацијата, е пропишано со други закони. | Programet e veçanta të arsimit të të rriturve nuk mund të verifikohen nëse fitimi i kualifikimit ose i një pjese të kualifikimit përcaktohet me ligje të tjera. |
| Директорот донесува решение со кое се огласува за ненадлежен. | Drejtori miraton vendim, me të cilin deklarohet si jokompetent. |
| **Член 6** | **Neni 6** |
| Верификацијата на посебните програми за образование на возрасните ја врши Центарот по претходно доставено мислење на Комисијата за верификација на посебната програма за образование на возрасни (во натамошниот текст: Комисијата) што ја формира директорот на Центарот. | Verifikimi i programeve të veçanta për arsimin e të rriturve bëhet nga Qendra pas mendimit të parashtruar të Komisionit për verifikimin e programit të veçantë për arsimin e të rriturve (në tekstin e mëtejmë: Komisioni) i themeluar nga drejtori i Qendrës. |
| За секоја поднесена програма Директорот формира Комисија. | Për çdo program të paraqitur, drejtori formon komision. |
| **Член 7** | **Neni 7** |

| | |
|---|---|
| Комисијата ја сочинуваат минимум три члена: еден член од Центарот и два члена стручни лица од областа на поднесената програма. | Komisioni përbëhet së paku nga tre anëtarë: një anëtar nga Qendra dhe dy anëtarë ekspertë nga fusha e programit të paraqitur. |
| Претседател на Комисијата е членот од Центарот. | Kryetar i Komisionit është anëtar i Qendrës. |
| **Член 8** | **Neni 8** |
| Центарот ја разгледува доставената документација од страна на установата или институцијата. | Qendra shqyrton dokumentacionin e paraqitur nga objekti ose institucioni. |
| Доколку е утврдено дека доставената документација не е комплетна, Центарот во рок од 3 дена писмено ја известува установата или институцијата за образование на возрасните да ги достави дополнително потребните документи. | Nëse konstatohet se dokumentacioni i paraqitur nuk është i plotë, Qendra njofton me shkrim institucionin e arsimit të të rriturve brenda 3 ditësh për të dorëzuar dokumentet shtesë të nevojshme. |
| Установата или институцијата за образование на возрасните, дополнително потребните документи треба да ги достави во рок од 3 дена од денот на приемот на писменото известување. | Institucioni për arsimin e të rriturve duhet të dorëzojë dokumentet e nevojshme shtesë brenda 3 ditëve nga dita e marrjes së njoftimit me shkrim. |
| **Член 9** | **Neni 9** |
| По доставувањето на потребната документација, Комисијата ја разгледува поднесената програма и ја спроведува нејзината евалуација. | Pas dorëzimit të dokumentacionit të nevojshëm, Komisioni shqyrton programin e paraqitur dhe bën vlerësimin e tij. |
| Комисијата до директорот на Центарот доставува записник со кој предлага решение по однос на барањето за верификација на посебната програма со кое може: | Komisioni i paraqet drejtorit të Qendrës një procesverbal me të cilin propozon zgjidhje lidhur me kërkesën për verifikimin e programit të veçantë me të cilin mund: |
| - целосно да го прифати барањето и поднесената програма | - të pranojë plotësisht kërkesën dhe programin e paraqitur |
| - целосно да го одбие барањето и поднесената програма. | - të refuzojë plotësisht kërkesën dhe programin e paraqitur. |
| Доколку Комисијата утврди дека постојат недостатоци во доставената програма, доставува записник до директорот на Центарот. | Nëse Komisioni konstaton se ka mangësi në programin e paraqitur, i paraqet raport drejtorit të Qendrës. |
| Директорот писмено ја известува установата или институцијата за образование на возрасните да ја измени и дополни програмата согласно дадените забелешки од записникот. | Drejtori njofton me shkrim institucionin e arsimit të të rriturve për të ndryshuar dhe shtuar programin sipas vërejtjeve të dhëna nga procesverbali. |
| Корегираната програма, установата или институцијата за образование на возрасните треба да ја достави најдоцна во рок од 10 дена до Центарот. | Programin e korrigjuar, institucioni i arsimit të të rriturve duhet ta dorëzojë në Qendër më së voni brenda 10 ditësh. |
| Доколу корегираната програма не биде доставена во наведениот рок Директорот на Центарот донесува решение со кое целосно ќе го одбие барањето и поднесената програма. | Nëse programi i korrigjuar nuk dorëzohet brenda afatit të caktuar, drejtori i Qendrës do të miratojë aktvendim, me të cilin do të refuzohet plotësisht kërkesa dhe programi i paraqitur. |
| **Член 10** | **Neni 10** |

| | |
|---|---|
| По разгледувањето на изменетата и дополнета посебна програма Комисијата доставува записник од спроведената евалуација на посебната програма и дава мислење до директорот на Центарот. | Pas shqyrtimit të programit të posaçëm të ndryshuar dhe plotësuar, Komisioni paraqet procesverbal për vlerësimin e bërë të programit të veçantë dhe i jep mendim drejtorit të Qendrës. |
| Доколку при разгледување на корегираната програма Комисијата утврди дека не се внесени забалешките од записникот, доставува записник до директорот со кој предлага решение целосно да го одбие барањето и поднесената програма. | Nëse gjatë shqyrtimit të programit të korrigjuar, Komisioni konstaton se shënimet nga procesverbali nuk janë futur, i dorëzon drejtorit procesverbal ku i propozon vendim për refuzimin e plotë të kërkesës dhe programit të paraqitur. |
| **Член 11** | **Neni 11** |
| На установата или институцијата за образование на возрасни чие барање за верификација на посебни програми е одбиено од страна на Центарот, се доставува писмено образложение за причините за одбивање на верификација на посебната програма. | Institucionit për arsimin e të rriturve, kërkesa e të cilit për verifikimin e programeve të veçanta i është refuzuar nga Qendra, duhet t'i jepet shpjegim me shkrim për arsyet e refuzimit të verifikimit të programit të veçantë. |
| Против донесеното решение установата или институцијата има право на жалба до Управниот одбор на Центарот за решавање од втор степен по жалба ,во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението. | Kundër vendimit të miratuar, institucioni ka të drejtë ankese në Bordin Drejtues të Qendrës për zgjidhjen e shkallës së dytë të ankesës, në afat prej 15 ditësh nga pranimi i vendimit. |
| **Член 12** | **Neni 12** |
| Решението за верификацијата на посебната програма за образование на возрасните се издава за времетраење од 3 (три) години. | Vendimi për verifikimin e programit të veçantë për arsimin e të rriturve nxirret në kohëzgjatje prej 3 (tre) vjetësh. |
| **Член 13** | **Neni 13** |
| Доколку установата или институцијата има потреба за измена на верификуваната програма, доставува барање за измена на програма до ЦОВ. | Nëse institucioni duhet të modifikojë programin e verifikuar, ai paraqet një kërkesë për modifikim të programit në QARr. |
| Врз основа на доставеното барање, ЦОВ може да го прифати или да го одбие барањето за измена на програмата. | Bazuar në kërkesën e paraqitur, QARr-ja mund të pranojë ose refuzojë kërkesën për modifikimin e programit. |
| Доколку се работи за измена директорот на ЦОВ одлучува по барањето за измена на следните точки на модел програмата: | Nëse bëhet fjalë për modifikim, drejtori i QARr-së vendos për kërkesën për modifikimin e pikave të mëposhtme të modelit të programit: |
| 1. Намалување или зголемување на број на учесници во програмата, | 1. Reduktimi ose rritja e numrit të pjesëmarrësve në program, |
| 2. Промена на место на спроведување, | 2. Ndryshimi i vendit të zbatimit, |
| 3. Времетраење на програмата – недели и месеци. | 3. Kohëzgjatja e programit – javë dhe muaj. |
| **Член 14** | **Neni 14** |
| Центарот води каталог на верификувани посебни програми за образование на возрасните. | Qendra mban një katalog të programeve të veçanta të verifikuara për arsimin e të rriturve. |
| Каталогот за верификувани посебни програми за образование на возрасни се објавува на официјалната интернет страница на Центарот. | Në faqen zyrtare të Qendrës publikohet katalogu i programeve të veçanta të verifikuara për arsimin e të rriturve. |

| Преодни одредби | Dispozitat kalimtare |
|---|---|
| **Член 15** | **Neni 15** |
| Обуките започнати во време на важење на решението за верификација на посебната програма да завршат не подолго од три месеци по завршување на датумот на Решението за верификација на посебната програма. | Trajnimet e filluara gjatë vlefshmërisë së vendimit për verifikimin e programit të veçantë duhet të përfundojnë jo më shumë se tre muaj pas datës së vendimit për verifikimin e programit të veçantë. |
| **Член 16** | **Neni 16** |
| Со денот на донесување на овој Правилник за начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните престанува да важи Правилникот за начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните бр.02-431/1 донесен на ден 1.4.2016 година. | Me datën e miratimit të kësaj rregulloreje për mënyrën e verifikimit të programeve të veçanta për arsimin e të rriturve, pushon së vlefshmi Rregullorja për mënyrën e verifikimit të programeve të veçanta për arsimin e të rriturve nr. 02-431/1 e miratuar më 1.4.2016. |
| **Член 17** | **Neni 17** |
| Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување од кога почнува и да се применува. | Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e miratimit të saj, nga momenti kur fillon të zbatohet. |
| | |
| | |
| 02.09.2019 година<br>Скопје/ Shkup<br>Претседател<br>на Управен одбор/<br>Kryetarja e Bordit Drejtues<br>Nazuhtere Sulejmani<br>____________________ | |